Рев.бр.1360/2008

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Владимир Бабунски - претседател на советот, Мирјана Андреева, Владимир Атанасов, м-р Милка Ристова и Беса Адеми - членови на советот, во правната работа на тужителот Белули Сафет од с.Жубрино , против тужената Република Македонија, за надомест на штета, одлучувајќи по ревизијата изјавена од тужителот, против пресудата на Апелациониот суд Скопје Гж.бр.2538/08 од 26.06.2008 година, на седницата одржана на ден 07.10.2009 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.

Пресудата на Апелациониот суд Битола Гж.бр.2538/08 од 26.06.2008 година и пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје П.бр.10163/07 од 08.01.2008 година, во усвоениот дел на тужбеното барање СЕ ПРЕИНАЧУВААТ и се ПРЕСУДУВА :

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Република Македонија да му плати на тужителот Сафет Белули од с.Жубрино, на име надомест на нематеријална штета поради неосновано лишување од слобода и повреда на честа и угледот износ од 2.000.000,00 денари со камата според Законот за висината на стапката на затезната камата сметано од 08.01.2008 година па до исплатата, како и да му ги надомести трошоците сторени во постапката во вкупен износ од 159.980,00 денари, се во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Ревизијата на тужителот над досудениот износ од 2.000.000,00 денари до бараниот износ од 40.000.000,00 денари, СЕ ОДИБВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје 2 Скопје со пресуда П.бр.10163/07 од 08.01.2008 година делумно го усвоил тужбеното барање на тужителот Сафет Делули од с.Жубрино и ја задолжил тужената Република Македонја да му исплати на тужителот на име надомет на

нематеријална штета за претрпени душевни болки поради повреда на угледот, честа, слободата или правата на личноста во вкупен износ од 1.000.000,00 денари со законска затезна камата согласно ЗВСЗК сметано од 08.01.2008 година до конечната исплата, како и да му ги надомести трошоците сторени во текот на постапката во вкупен износ од 159.980,00 денари во рок од 15 дена по приемот на пресудата. Воедно одбиено е како неосновано поголемото тужбено барање на тужителот за разликата од побаруваниот износ на име надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки поради повреда на угледот, честа, слободата или правата на личноста од 40.000.000,00 денари до досудениот износ од 1.000.000,00 денари.

Апелациониот суд Скопје со пресуда Гж.бр.2538/08 од 26.06.2008 година, ги одбил како неосновани жалбите на тужителот и тужената и ја потврдил пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје П.бр.10163/07 од 08.01.2008 година.

Против ваквата одлука ревизија изјавил тужителот, поради суштествена повреда на одредбите од Законот од парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваната пресуда да се укине и предметот да се врати на повторно судење на првостепениот суд, односно побиваните прасуди да се преиначат и во целост да се усвои тужбеното барање на тужителот.

Врховниот суд на Република Македонија по проучување на списите по предметот и наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на одредбите од член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е делумно основана.

Основан е наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право.

Во постапката по предметот од изведените докази меѓу другото двата суда утврдиле дека тужителот е на 24 годишна возраст, оженет без деца и досега немал никакви судири со законот. На 28.08.2002 година тужителот бил во продавницата на татко му кога поголема група на полицајци го уапсила обвинувајќи го дека е терорист. По извесно време однесен е кај истражен судија и со решение за спроведување на истрага КИ.бр.408/02 од 31.08.2002 година спроведена е истрага против него и уште три други лица заради сомневање дека сториле кривично дело – Здружување заради непријателска дејност од член 324 став 2 а во врска со став 1, и во врска со член 213 од КЗ при што на тужителот му била определна мерка притвор во траење од 30 дена сметано од 29.08.2002 до 28.09.2002 година.

Притворот е продолжен со решение на кривичниот совет на Основниот суд Скопје 1 Скопје Кс.бр.113/02 од 27.09.2002 година до 28.10.2002 година и со решение на кривичниот совет на истиот суд Кс.бр.130/02 од 28.10.2002 година до 27.11.2002 година. Тужителот во притвор останал 11 месеци. Со Решение на кривичниот совет на Основнот суд Скопје 1 Скопје Кр.бр.344/03 од 14.07.2003 година, уважен е предлогот за замена на мерката на притвор на тужителот со понуда на гаранција при што мерката се укинала, а тужителот бил пуштен да се брани од слобода. Откако тужителот бил пуштен да се брани од слобода тој и понатаму бил вознемирен, се будел ноќе, му се враќеле сцени од малтретирање и од затворот, многу негови другари македонци не разговарале со него и му велеле дека е терорист и дека убивал нивни луѓе. На ден 09.09.2003 година Основниот суд Скопје 1 Скопје донел пресуда К.бр.1328/02 со која обвинението дека тужителот сторил кривично дело - Здружување заради непријателска дејност од член 324 став 2 во врска со став 1 и во врска со член 313 од КЗ, се одбило, а пресудата станала правосилна на 25.11.2003 година. По донесување на оваа пресуда, тужителот имал проблеми со луѓето кои не му верувале, го избегнувале,и поради притисокот кој бил неиздржлив во ноември 2005 година тој отишол во Швајцарија. Тужителот доживувал и во помал степен сеуште доживува душевна болка поради неоправдано притворање – лишување од слобода.Во тој период се соочил со интензивна психолошка траума која довела до преплавеност со интензивна душевна болка. Во периодот се до неговото сместување во притвор тужителот бил доведен во сотојба на комплетна немоќ, приведен со барање да признае дело кое не го сторил, континуирано доживувал изразен психолошки немир и изразено чувство на страв и беспомошност. Ваквите доживувања со силен интензитет опстојувале во текот на првиот ден се до притворањето , а со притварањето во траење од 30 дена несомнено довеле до дополнително изразено душевно страдање поради неоправдано обвинување и држење во притвор. Потребата да по судски пат ја докажува својата невиност за тужителот претставувала силна психолошка траума, извор на душевна болка која се манифестирала со чувство на страв и неизвесност. Во текот на престојот во затворот тужителот имал изразени психички манифестации кои се должеле од акутната ситуациија. Ваквите емоционални ситуации на почетокот се реперкусирале со исцрпување, па била манифестирана состојба на нарушени витални димензии (сон и апетит) вознемиреност , настапи на срце биење , главоболка и други знаци на вознемиреност, за да постепено дојде до извесно психолошко адаптирање и намалување на интензитетот на телесните манифестации но и понатаму продолжиле со психолошко страдање. Ваквата состојба со лесно намалување на интензитетот траела 10,5 месеци, а по излегувањето на слобода

несомнено довело до намалување на душевната болка, но продолжило во контекст на исчекувањето на крајот од судењето како и во контекст на последиците од приведувањето и престојот во затвор. Два месеци по ослободувањето донесена е пресуда со која тужителот е ослободен од обвинение што довело до изразено ублажување на психолошкото страдање на тужителот и намалување на стравот, но и во перидот потоа се до овој момент опстојува извесна душевна болка . Ваквите психолошки страдања во изминатиот период од 3,5 години од неговото ослободување се значајно намалени но доживеаниот атак на неговиот углед и чест оставиле траги во личноста на тужителот кои во извесна мерка ќе останат во смисол на извесно полесно чувство на негативна обележеност.

На вака утврдена фактичка состојба пониските судови зкалучиле дека досудениот износ од 1.000.000,00 денари на име нематеријална штета поради неосновано лишување од слобода и повреда на честа и угледот претставуа справедлив паричен надомест за тужителот, имајќи ја предвид тежината и природата на кривичното дело повредата на честа и на угледот, времетраењето на лишувањето од слобода и сите други околности, а согласно член 189 од Законот за облигационите односи.

Меѓутоа според наоѓањето на Врховниот суд на Република Македонија, вака досудениот надомест за тужителот од страна на пониските судови е прениско определен ако се имаат во предвид околностите и интензитетот на времетраењето на душевниот бол, загрженоста, нерасположението повредата на честа и угледот на тужителот кој бил млада личност, кој во тој период бил на 18 годишна возраст ,на возраст на која допрва се оформува како личност во кој периодот следат обвинувања, неверувања на околината и психички трауми. Ова од причина што душевниот бол што кај тужителот се манифестирал додека бил во притвор до неговото ослободување како и извесно време по излегување од притворот, вклучувањето на тужителот во секојдневните активности кога се соочил со состојби луѓето да не му веруваат и да го избегнуваат, според овој суд досуденот износ од 1.000.000, 00 денари поради неосновано лишување од слобода и повреда на честа и угледот не е во согласнот со член 189 од Законот за облигационите односи. Имено, истиот не претставува справеделив паричен надомест, туку износот од 2.000.000,00 денари е спрведелив и е во согласност со значењето на спроведеното добро и целта за која служи овој надомест.

При ваква фактичка и правилна состојба следуваше Врховниот суд на Република Македонија ревизијата на тужителот делумно да ја усвои а пресудите на пониските судови да се преиначат на начин како во изрката, а согласно член 387 став 1 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 07.10.2009 година под Рев.бр.1360/2008.

Претседател на советот - Судија
Владимир Бабунски

Пресудата е едногласно донесена

Записничар Членови Претседател

1.

2.

3.

4.

BJ./